Здружение ХОПС-
Опции за здрав живот Скопје
Бр. 03-670/1
14.09 2016 год.
СКОПЈЕ

ХОПС
ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СКОПЈЕ

Ул. Христо Смирненски 48-1/6,
1000 Скопје, Македонија
Тел/факс: +389 2 3 246 210
hops@hops.org.mk - www.hops.org.mk

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено | 15.09.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 41 | 7169/1 | | |

**До:** Генерален секретаријат на Влада

Одделение за соработка со невладини организации

**Од:** Здружение ХОПС-Опции за здрав живот Скопје

**Предмет: Предлог за политики**

Почитувани,

Во врска со објавениот повик за поднесување предлог иницијативи за законски промени кои би можеле да се вклучат во Пограмата на Владата за 2017 година, сакаме да ве информираме дека Здружението ХОПС Опции за здрав живот Скопје повеќе години работи на застапување за измена на закони, политики и пракси со цел унапредување на правата на луѓето кои употребуваат droги и сексуалните работници и има предлози за измени на повеќе закони. Имајќи го предвид краткиот рок за доставување предлози за измена на закони пропратени со анализа на предлозите, во прилог ви ја доставуваме иницијативата на која работевме при донесувањето на измената на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанци, односно на одредбите со кои се регулира медицинската употреба на конопот.

На почетокот на оваа година во Собранието на РМ се увои Закон за измена и дополнување на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанци.
Здружението ХОПС Опции за здрав живот Скопје уште пред да биде усвоен Законот, изготви Анализа на предложените измени и дополнувања, а во текот на собраниската процедура застапуваше за усвојување на амандаманите, кои ги испраќаме во прилог.

Од Анализата на измените на Законот за контола на опојни дроги и психотропни супстанции, произлегоа следните заклучоци:

- Иако цел на предложените измени на Законот за контрола на дроги и психотропни супстанции е регулирање на медицинската употреба на конопот, произлезе дека предложените одредби не и служат на најавената цел, туку напротив фаворизираат финансиски моќни правни лица кои ќе го контролираат пазарот со коноп и неговите деривати;
- Поради предложените одредби со кои се уредува начинот на производство, чување и преработка на конопот, со кои се става голем

ХОПС - ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СКОПЈЕ
Добитник на Меѓународната награда за ХИВ/СИДА и човекови права за 2010 година

ХОПС - ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СКОПЈЕ

финасиски товар на правните лица кои би ја работеле оваа дејност, се очекува крајниот производ да биде со висока цена, а со тоа недостапен за најголемиот дел од луѓето на кои им е потребен;

- Со предложените законски одредби се ограничува листата на болести односно состојби за кои би можело да се користи конопот во медицински цели, воведувајќи премногу строги критериуми за лекови за кои и самиот предлагач во образложението наведува дека е еден од најбезбедните лекови достапни денес;
- Алармантен е предлогот за воведување на казнени одредби во овој закон, со кои се криминализира личната употреба на конопот, што претставува дополнително регулирање на материја која веќе е регулирана со Кривичниот Законик на РМ, што е спротивно на Уставот на РМ и предизвикува правна несигурност на граѓаните на РМ;
- Несоодветно е регулирање на медицинска употреба на конопот како лек во Законот за дроги чии цели се контрола и производство на опојни дроги и психотропни супстанции, мерки за превентива на употребата и злоупотребата на опојни дроги, класификација на опојни дроги услови и надзор за одгледување и производство на опојни дроги и мерки за сузбивање на злоупотребата.

Според првите искуства од примена на измената на Законот, голем дел од заклучоците се потврдија како проблематични во пракса со што Законот не ја исполнува главната цел односно заштита на правата на пациентите и достапноста до сите на кои им е потребен, поради што сметаме дека е неопходна негова измена.

Во таа насока сметаме дека во Програмата на Владата за 2017 година треба да се предвидат измени во Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанци со кои ќе ги адресираат погоре наведените забелешки.

Воедно ве извстуваме дека сме согласни предлогот на ХОПС да биде објавен на веб страната на Одделението за соработка со невладини организации.

Во прилог ви ја доставуваме целата анализа на Законот како и Амандманите кои ХОПС ги изготви а преку кои се адресираа нашите забелешки на Законот.

Со почит,

Христијан Јанкулоски
Извршен директор

ХОПС
ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СКОПЈЕ

Ул. Христо Смирненски 48-1/6,
1000 Скопје, Македонија
Тел/факс: +389 2 3 246 210
hops@hops.org.mk - www.hops.org.mk

ХОПС - ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СКОПЈЕ
Добитник на Меѓународната награда за ХИВ/СИДА и човекови права за 2010 година

**Анализа на измените на Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции**

Автор: Наташа Бошкова

**Дефиниции**

Предложените измени на законот (во понатамошниот текст: Измените) предвидуваат три нови дефиниции за термини кои се воведуваат во Законот за контрола на опојни дроги и психотропни суспстанции (во понатамошниот текст: Законот). Ако целта на Измените е регулирање на употребата на канабисот за медицински цели, нејасно е зошто се воведува дефиниција за масло од конопово семе во закон кој го контролира производството и продажбата на опојни дроги и психотропни супстанции, кога и самата дефиниција укажува дека примената на ова масло е во козметички или хигиенски производи, лубриканти,бои или се користи како храна и истото беше достапно во аптеките и се издаваше без лекарски рецепт.

Понатаму, Измената дефинира масло од коноп како екстракт кој содржи високи концентрации на канабиноиди, особено на ТХЦ. Целта на Измената е да се регулира медицинската употреба на канабисот, а тоа подразбира и употреба на екстракти од канабис кои содржат висока концентрација на канабидиол и ниска концентрација на ТХЦ. Оттука, нејасно е дали пропишаниот режим на препишување и издавање на овој вид на екстракт од коноп, ќе важи и доколку екстрактот има минимум ТХЦ, односно не е психоактивна супстанција и нема психоактивно дејство.

**Неконзистентни цели на Законот и Измените**

Целта на Законот е спречување на злоупотребата на опојните дроги и психотропни супстанции, спречување на недозволено производство и промет на опојни дроги и психотропни супстанции и растенија од кои може да се добие опојна дрога. Од друга страна, целта на Измените е регулирање на медицинската употреба на канабисот, а не "*одгледување на коноп кој е наменет за производство на опојна дрога*" како што стои во новата глава која треба да се додаде со Измените. Поради ова, сметаме дека регулирањето на медицинската употреба на канабис треба да биде регулирана со посебен закон кој ќе ги има предвид спецификите на растението канабис, бројните студии за ефектите од употребата како и развојот на законската рамка во земјите каде е регулирана медицинската употреба на канабисот.

ХОПС - ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СКОПЈЕ

Со Измената, во повеќе одредби се додаваат зборовите "и/или коноп" во постоечките одредби со кои се регулира одгледувањето, производството и продажбата на афион. На овој начин овие две супстанции се изедначуваат, а преку наметнување на посебни услови со дополнителната глава за одгледување на коноп, дури и се предвидува построг режим за конопот во однос на режимот на одгледување и производство на афион. Предлгачот очигледно го занемарува фактот дека афионот е растение од кое со преработка се добива хероин и растение од кое со мала интервенција – засекување на чушката, се добива смола/катран чија употреба предизвикува физичка зависност. Во спротивно не постојат студии кои докажуваат зависност од канабис.

**Канабисот како лек**

Во членот 24 од Законот се додава став 3 со кој се дозволува производство, промет, поседување и употреба на **канабис, канабис смола, екстракт и тинктура на канабис** за намени и под услови утврдени со Измените. Имено, Законот со кој се контролира производството и употребата на дроги и психотропни супстанции регулира услови за производство и примена на лек. Всушнот и во членот 30 од Законот се предвидува дека за супстанциите и растенијата класифицирани во листите II и III како лекови и нивни препарати се применуваат прописите за лекови. Со измените на законот се регулира препишување на лекови кои содржат ТХЦ, дронабинол или набилон што треба да биде регулирано со прописите за лекови. Според гореспоменатите листи, канабисот и канабис смолата се дел од третата листа,[1] а со оглед дека целта на Измената е регулирање на медицинската употреба на канабисот, регулирањето на употребата на канабисот како лек треба да биде регулирано со прописи за лекови или во посебен закон.

Во членот 41 се додава нов став со кој се предвидува/ограничува кој може да ги препишува лековите кои содржат ТХЦ, дронабинол и набилон. За разлика од начинот на регулирање на останатите лекови, со Измените (на законот за дроги) се предвидува кои специјалисти можат да дадат препорака за препишување на лекот од доктор на медицина, специјалист по општа медицина, специјалист по семејна медицина и специјалист по педијатрија. Прецизирање/ограничување на специјалистите кои можат да го препорачуваат канабисот за лекување е прашање кое треба да се регулира со прописите со кои регулираат лековите, нивната регистрација и примена. Лековите што се употребуваат во хуманата медицина, условите и начинот за обезбедување на нивниот квалитет, безбедноста и ефикасноста, начинот и постапките за нивно производство, испитување, ставање во промет, промет, формирање на цени, контрола на квалитет, огласување и

[1] Службен весник на Република Македонија бр. 112/2009. Листи за класификација на супстанции и растенија во листитет од меѓународните конвенции за опојни дроги и психотропни супстанции во категорија на опојни дроги и психотропни супстанции.

ХОПС - ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СКОПЈЕ

инспекциски надзор, се регулира со Законот за лекови и други медицински помагала.[2] Лековите што се користат во Македонија треба да бидат достапни во прометот на лекови врз основа на одобрение за ставање во промет издадено од Агенцијата за лекови по доставената потребна документација и во постапка пропишана со Законот за лекови и други медицински помагала. Законот за лекови и други медицински помагала е усогласен со Директивата 2001/83/ЕС за медицински производи за хумана употреба.[3] Во врска со класификацијата на лековите, Директивата предвидува медицински производи што се издаваат со рецепт и медицински производи што не се издаваат со рецепт. Според Директивата одредени лекови се пропишуваат на рецепт ако лековите можат да претставуваат директна или индиректна опасност, дури и кога се употребуваат правилно без медицинска супервизија; лекови што често и во најголем број случаи се употребуваат неправилно, а што може да резултира со директна или со индиректна опасност за човечкото здравје; содржат супстанции или препарати чие дејство или реакција бара дополнителна истрага или најчесто се пропишани од лекар за парентерално администрирање. Според Законот за лекови и други медицински помагала, лек што се издава без рецепт е лек со широк спектар на терапевтски индикации, со мала токсичност, со мала можност за предозирање, со незначителни интеракциии, со добро познати индикации за пациентите и е соодветен за самолекување. Канабисот е лек со мала токсичност и може да се квалификува во лек чиј режим на издавање ќе биде ослободен во насока на обезбедување на поголема достапност. Бројните истражувања за дејството на канабисот во медицински цели покажуваат дека канабисот е делотворен за различни состојби. Ако целта на Измените е регулирање на медицинската употреба на канабисот, нема оправдување за ограничените специјалистички гранки во кои канабисот може да се препорача, затоа предлагачот мора да ги има предвид сите здравствени состојби за кои постојат докази дека канабисот ги подобрува и да ја избрише одредбата со која се ограничува препишувањето на канабисот во неколку специјалистички гранки.

Измените, исто така, огранучуваат канабисот да може да се препишува на пациентите само од страна на специјалисти вработени во јавното здравство. Ова е спротивно на правото на лекување и изборот на лекар од страна на пациентите. Согласно начелото на достапност, пациентот има право на избор и промена на здравствен работник и здравствена установа, во рамките на здравствениот систем (член 5, Закон за заштита на правата на пациентите). Пациентите имаат право да користат здравствени услуги по сопствен избор во јавна и приватна здравствена установа, а Законот мора да го обезбедува пристапот до лекови на сите пациенти под еднакви услови. Всушност приватните здравствени установи спроведуваат јавна

[2] Службен весник на Република Македонија бр. 106/2007, 88/2010, 36/2011, 53/2011, 136/2011 и 11/2012. Закон за лековите и медицинските помагала.
[3]http://ec.europa.eu. Directive 2001/83/EC of the EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 6 November 2001, on the Community code relating to medical products for human use.

дејност-здравствена заштита на граѓаните и не постои законско образложение за исклучување на приватните здравствени установи од закон со кој се регулира лекување на пациенти.

**Одгледување на коноп**

Со Измената во членот 14 од Законот се проширува надлежноста на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) да врши контрола на семенскиот материјал на конопот кај овластениот производител на конопот, да врши контрола во прометот на семенскиот материјал, контрола на сеидбата, производството, контрола пред и по жетвата и контрола на откупот на конопот. Со додавање на зборовите и/или коноп, се укажува дека еден ист производител може да произведува семенски материјал за афион и/или коноп, да сее афион и/или коноп, да произведува афион и/или коноп и да откупува афионова слама и/или коноп. Навидум, Измените оставаат впечаток дека изедначени се условите за одгледување и производство на афион и коноп. Сепак, ако внимателно се анализираат бараните услови, постапката за добивање на дозвола, начинот на обезбедување на просторот, неспорно е дека се бараат значително потешки услови (физички, просторни, човечки ресурси, финансиски) за производителите на коноп.

Првата разлика е во тоа што одгледувањето на конопот е забрането за физички лица, додека одгледувачи на афион може да бидат правни и физички лица. Одгледувачите на афион кои имаат одобрение, сеидбата може да ја пријават до МЗШВ и 15 дена по извршеното сеење, додека конопот не смее да се сее пред производителот да добие дозвола од Министерството за здравство, по претходна добиена согласност од Владата. Инсистирање на согласност од Владата, при издавање на дозволата, дополнително ја обременува постапката и неосновано наметнува построг режим за сеење, одгледување и производство на конопот.

Правното лице кое има дозвола за одгледување на коноп мора да поседува сертификат за садниот материјал, како и план за одгледувањето кои треба да ги достави до МЗШВ, заедно со барање за садење коноп, обврска која ја немаат производителите на афионот. Коноп може да се одгледува за медицински и научни цели. Одобрението за одгледување на коноп го издава Министерството за здравство, а за афион МЗШВ. Афионот може да се одгледува без дозвола, доколку се одгледува за научни цели доволно е да се пријават во МЗШВ површините на кои ќе се одгледува афионот. Овој исклучок не постои за одгледување на коноп во научни цели.

Правните лица кои одгледуваат коноп имаат обврска најпрво да ја пријават бербата кај надлежната комисија и дури откако ќе ја известат, можат да ја извршат бербата. По завршување на бербата, комисија треба да изврши увид во собраниот материјал, па потоа одгледувачот може да премине на фазата на сушење на собраното



ХОПС - ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СКОПЈЕ

растение. Одгледувачите мора на површината каде се одгледува канабисот да имаат капацитет за сушење од каде спакуваниот материјал се пренесува до производителот на препарати од коноп. Обврската на правните лица, сушениот материјал да го пренесуваат во придружба на полицијата претставува дополнително финансиско оптеретување за одгледувачите на коноп. Оваа обврска не посоти за одгледувачите на афион.

**Услови за правните лица**

Законот ги утврдува условите кои правното лице треба да ги исполни за да добие одобрение за одгледување на коноп. Според критериумите, правното лице треба да има капацитет за одгледување на конопот, но истовремено и соодветен простор за сушење, складирање, односно производство и преработка на коноп. Правното лице треба да вработи најмалку четири луѓе од кои фармацевт со три години работно искуство и агроном насока полјоделство со три години работно искуство. Повторно, ваква обврска за вработување на конкретен профил на професионалци, законодавецот не предвидел за одгледувачите на афион.

Во врска со безбедносните барања, Измените предвидуваат дека просторот за одгледување на коноп треба да биде атмосферски заштитен, но не е јасно што тоа подразбира и кое е оправдувањето за ваквото барање. Понатаму, просторот треба да е ограден со ограда висока најмалку 4 метри и обиколена со три реда бодликава жица над оградата. Дополнително оптеретување за правните лица кои треба да го организираат одгледувањето на канабисот е и обезбедување на видео надзор над целиот простор и физичко обезбедување 24 часа секојдневно. Барањата за обезбедување на технички и безбедносни услови со задолжителен персонал вработен во правното лице ќе биде финансиска бариера за голем број лица кои сакаат да одгледуваат коноп.

**Казнени одредби**

Со Измените се воведуваат казнени одредби со високи затворски казни за одговорните лица или лица кои работат во правните лица кои казни не важат за производителите на афион и други контролирани супстанции регулирани со Законот. Со членот 95-г се предвидува казна затвор од 1-5 години за вработен кај правното лице кој ќе задржи, изнесе, пренесе семе, расад, лист од коноп наменето за лична употреба. Оваа одредба за прв пат законски ја криминализира личната употреба на канабис. Актуелниот Кривичен Законик не предвидува санкција за лична употреба, односно поседување заради лична употреба. Досегашната пракса на органите за спроведување на законот на казнување на поседување на дрога за лична употреба е штетна и ги повредува правата на луѓето кои употребуваат droги. Со измената ќе се легитимира постоечкото постапување на криминализација на

поседувањето за лична употреба што дополнително ќе влијае на влошување на правата на луѓето кои употребуваат droги.

Ако повеќе луѓе го извршиле опишаното погоре или е организирана мрежа на препродавачи или посредници или организирано е задржување, изнесување, пренесување семе, расад, лист од коноп наменето за лична употреба, лицето ќе се казни со казна затворт од 3-10 години. Иста казна е предвидена и за оној кој ќе бара, нуди или земе пари или друга материјална корист како паричен надоместок за изнесување, пренесување на семе, расад, лист од коноп.

Законодавецот веќе го има регулирано неовластеното организирање, произведување, преработување, продавање или нудење на продажба или заради продажба купување, држење или пренесување или посредување во продажба или купување или на друг начин неовластено пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори и за овие дејствија предвидува казна затвор од три до десет години. Со оваа одредба не е предвидено казнување на поседувањето за лична употреба. Криминализацијата на употребата на дрога за лична употреба значи уназадување на правата на луѓето кои употребуваат дроги. Согласно член 50 ст. 3 од Уставот гарантира право на граѓаните да бидат запознаени со човековите права и основни слободи и активно да придонесува, поединечно или заедно со други за нивно унапредување и заштита.

Ако се усвои измената, исти дејствија ќе се регулираат на различен начин со што се нарушува правната сигурност како составен дел на принципот на владеење на правото загарантирано со член 8 од Уставот на Република Македонија. Според Уставниот суд, "законодавецот има уставна слобода при регулирање на правните односи да се определи дали одредена проблематика ќе ја уреди во веќе постоечки или тоа ќе го направи со нов закон, но при тоа заради можноста од повреда на принципот на владеење на правото треба да се внимава една иста проблематика да не ја уреди на различен начин во два или повеќе закони што се во важност." Во конкретниот случај Кривичниот законик и Измените третираат различна правна проблематика и општествена појава, иако во основа имаат заедничка тематика – регулирање на поседувањето, одгледувањето, производството на контролирани супстанции, растенија и препарати. Измената има за цел да го ја регулира медицинската употреба на конопот, а во предложените одредби се регулираат веќе регулирани прашања на различен начин од веќе постоечки закони кои се донесуваат со двотретинско мнозинство од вкупниот број на пратеници. Уредувањето на различен начин на едно исто прашање го повредува принципот на владеење на право. Специјалниот известувач на ОН за правото на највисок можен стандард на физичко и ментално здравје смета дека потребна е промена во казнената политика која треба да се базира на човекови права, а не санкционирање на употребата на droги. Светската здравствена организација во 2014 препорача на земјите да ги ревидираат законите и да ја декриминализираат употребата на дрога.



ХОПС - ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СКОПЈЕ

Измените одат во спротивен правец на меѓународните стандарди и заговараат воведување на построга казнена политика и затворска казна за поседување на канабис за лична употреба.

*Целта на Измените е регулирање на медицинската употреба на конопот, а од анализата погоре произлегува дека одредбите не и служат на планираната цел, напротив фаворизираат финансиски моќни правни лица кои ќе го контролираат пазарот со овој лек. Високите финансиски трошоци за воспоставување на услови за сеење, одгледување и производство на канабис, ќе влијае на висината на цената на крајниот производ. Лекови со висока цена се непристапни за најголем дел на граѓаните со што се повредува правото на лекување. Растението за кое постојат сé посилни и побројни докази за неговата делотворност кај многу здравствени состојби, употребата на канабисот е лимитирано со препорака на специјалисти од четири специјалистички гранки од јавното здравство со што се ограничува пристапот на пациентите до канабисот. Строгите критериуми за потенцијалните одгледувачи ќе го поддржат опстојување на нелегалните пазари и производство на екстракти од канабис со неконтролиран квалитет. Измените криминализираат употреба на канабис за лична употреба што е спротивно на уставниот принцип на владеењето на правото и спротивно на развојот на меѓународните стандарди за заштита на човековите права и унапредување на здравјето на луѓето. Предложените измени имаат номотехнички недостатоци, а најголем дел од одредбите треба да бидат поместени во правилник кој ќе ги уредува поблиските услови за спроведувањето на Измените.*

ХОПС - ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СКОПЈЕ

**Амандмани на Предлог-Закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции**

**Амандман 1**

Се брише точка 32 од член 1 на предлог –законот.

**Обраложение**

Целта на предлог-законот е регулирање на употребата на канабисот за медицински цели. Со предлог-законот се воведува дефиниција за масло од конопово семе во закон кој го контролира производството и продажбата на опојни droги и психотропни супстанции, а и самата дефиниција укажува дека примената на ова масло е во козметички или хигиенски производи, лубриканти,бои или се користи како храна и истото беше достапно во аптеките и се издаваше без лекарски рецепт. Оттука, сметаме дека е неоправдано овој закон да дефинира масло кое не е опојна droга ниту психотропна супстанција.

**Амандман 2**

Се менува насловот пред членот 29-а од предлог-законот и гласи: "Одгледување на коноп кој е наменет за медицинска употреба."

Во членот 29-а од предлог-законот се бришат зборовите: "по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија."

Во членот 29-а се додава нов став 3 кој гласи:
"Условите под кои правното лице од ставот 2 ќе одгледува коноп наменет за медицинска употреба ќе се регулираат со правилник донесен од Министерството за здравство."

**Образложение**

Целта на Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции е спречување на злоупотребата на опојните droги и психотропни супстанции, спречување на недозволено производство и промет на опојни droги и психотропни супстанции и растенија од кои може да се добие опојна droга. Од друга страна, целта на предлог измените е регулирање на медицинската употреба на канабисот, а не "*одгледување на коноп кој е наменет за производство на опојна droга*" како што стои во новата глава која треба да се додаде со Измените. Поради ова, сметаме дека насловот на одредбите со кои ќе се регулира медицинската употреба на конопот треба да се промени.

Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции веќе има утврдена постапка за одгледување на афионот, растение од кое со преработка се добива хероин и растение од кое со мала интервенција – засекување на чушката, се добива смола/катран чија употреба предизвикува физичка зависност. Инсистирање на согласност од Владата, при издавање на дозволата за одгледување на коноп, во услови кога оваа обврска не важи за одгледувачите на афионот, дополнително се обременува постапката и неосновано се

наметнува построг режим за сеење, одгледување и производство на конопот во однос на афионот.

Законот има цел да ја регулира областа, во конкретниот случај условите и начинот на одгледување на конопот за медицински цели, додека подзаконските акти ги разработуваат одредбите од законот, утврувајќи ги поблиските услови, критериуми кои одгледувачите треба да ги исполнат за да можат да постапуваат согласно законот. Затоа, сметаме дека предлог законот содржи одредби кои треба да бидат дел од правилникот кој ќе ги утврди поблиските услови за одгледување на конопот и предлагаме истите да се избришат.

**Амандман 3**

Се брише ставот 1, 2 и 3 од членот 29-б од предлог-измената законот.
Во ставот 5 и 6 од член 29-б се бришат зборовите: "по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија."

**Образложение**

Законот има цел да ја регулира областа, во конкретниот случај условите и начинот на одгледување на конопот за медицински цели, додека подзаконските акти ги разработуваат одредбите од законот, утврувајќи ги побилиските услови, критериуми кои одгледувачите треба да ги исполнат за да можат да постапуваат согласно законот. Затоа, сметаме дека предлог законот содржи одредби кои треба да бидат дел од правилникот кој ќе ги утврди поблиските услови за одгледување на конопот и предлагаме истите да се избришат.
Како што е претходно наведено, инсистирање на согласност од Владата, при издавање на дозволата за одгледување на коноп, во услови кога оваа обврска не важи за одгледувачите на афионот, дополнително се обременува постапката и неосновано се наметнува построг режим за сеење, одгледување и производство на конопот во однос на афионот.

**Амандман 4**

По став 2 од членот 29-в од предлог-измените се додава нов став кој гласи: "поблиските услови за постапувањето на правното лице кое има одобрение за сеење на коноп ќе се уредат со правилник донесен од страна на Министерството за здравство."

**Образложение**

Законот има цел да ја регулира областа, во конкретниот случај условите и начинот на одгледување на конопот за медицински цели, додека подзаконските акти ги разработуваат одредбите од законот, утврувајќи ги побилиските услови, критериуми кои одгледувачите треба да ги исполнат за да можат да постапуваат согласно законот. Затоа, сметаме дека предлог законот содржи одредби кои треба да бидат дел од правилникот кој ќе ги утврди поблиските услови за одгледување на конопот и предлагаме истите да се избришат.

**Амнадман 5**

Во членот 14 став 1 од предлог -измената на законот се бришат зборовите: "по препорака од специјалист по неврологија, онкологија и радиотерапија и инфективни болести кој е вработен во јавна здравствена установа која врши болничка здравствена дејност" и се заменуваат со зборовите: "согласно со прописите за лекови."

**Образложение**

Со предлог законот се ограничува кој може да ги препишува лековите кои содржат ТХЦ, дронабинол и набилон. Утврдувањето на специјалистите кои можат да го препорачуваат канабисот за лекување е прашање кое треба да се регулира со прописите со кои регулираат лековите, нивната регистрација и примена. Всушност во образложението на предлог законот, предагачот наведува дека употребата на канабисот се користи во голем број на земји во светот за третман на затегнати (згрчени) мускули, конвулзии, астма, депресија, болка, гадење и повраќање, како и за стимулација на апетитот. Според предлагачот, канабисот е еден од најбезбедните лекови достапни денес и нема евидентирано ниту еден смртен случај од употреба на канабисот, додека постои ниска инциденца на негативна или алергиска реакција од канабис. Според Законот за лекови и други медицински помагала, лек што се издава без рецепт е лек со широк спектар на терапевтски индикации, со мала токсичност, со мала можност за предозирање, со незначителни интеракциии, со добро познати индикации за пациентите и е соодветен за самолекување. Канабисот е лек со мала токсичност и може да се квалификува во лек чиј режим на издавање ќе биде послободен во насока на обезбедување на поголема достапност. Оттука, неоправдано е ограничувањето на специјалистичките гранки во кои канабисот може да се препорачува како лек и сметаме дека ова прашање треба да се регулира со прописи од областа на лековите.

Предлог законот ограничува канабисот да може да се препишува на пациентите само од страна на специјалисти вработени во јавното здравство. Ова е спротивно на правото на лекување и изборот на лекар од страна на пациентите. Согласно начелото на достапност, пациентот има право на избор и промена на здравствен работник и здравствена установа, во рамките на здравствениот систем (член 5, Закон за заштита на правата на пациентите). Пациентите имаат право да користат здравствени услуги по сопствен избор во јавна и приватна здравствена установа, а Законот мора да го обезбедува пристапот до лекови на сите пациенти под еднакви услови. Всушност приватните здравстевни установи спроведуваат јавна дејност-здравствена заштита на граѓаните и не постои законско образложение за исклучување на приватните здравствени установи од закон со кој се регулира лекување на пациенти.

**Амандман 6**

Се брише глава 12-а казанени одредби
Се бришат членовите 95-в, 95-г, и 95-д од предлог –измената на законот.

**Образложение**

Предлог законот воведува казнени одредби со високи затворски казни за одговорните лица или лица кои работат во правните лица кои казни не важат за производителите на афион и други контролирани супстанции регулирани со Законот. Со членот 95-г за прв пат законски ќе се криминализира личната употреба на канабис. Актуелниот Кривичен Законик не предвидува санкција за лична употреба, односно поседување заради лична употреба. Ако повеќе луѓе го извршиле кривичното дело или е организирана мрежа на препродавачи или посредници или организирано е задржување, изнесување, пренесување семе, расад, лист од коноп наменето за лична употреба, лицето ќе се казни со казна затворт од 3-10 години. Иста казна е предвидена и за оној кој ќе бара, нуди или земе пари или друга материјална корист како паричен надоместок за изнесување, пренесување на семе, расад, лист од коноп.

Законодавецот веќе го има регулирано неовластеното организирање, произведување, преработување, продавање или нудење на продажба или заради продажба купување, држење или пренесување или посредување во продажба или купување или на друг начин неовластено пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори и за овие дејствија предвидува казна затвор од три до десет години. Со оваа одредба не е предвидено казнување на поседувањето за лична употреба. Криминализацијата на поседувањето на дрога за лична употреба значи уназадување на правата на луѓето кои употребуваат дроги.

Ако се усвои измената, исти дејствија ќе се регулираат на различен начин со што се нарушува правната сигурност како составен дел на принципот на владеење на правото загарантирано со член 8 од Уставот на Република Македонија. Според Уставниот суд, "законодавецот има уставна слобода при регулирање на правните односи да се определи дали одредена проблематика ќе ја уреди во веќе постоечки или тоа ќе го направи со нов закон, но при тоа заради можноста од повреда на принципот на владеење на правото треба да се внимава една иста проблематика да не ја уреди на различен начин во два или повеќе закони што се во важност." Уредувањето на различен начин на едно исто прашање го повредува принципот на владеење на право. Специјалниот известувач на ОН за правото на највисок можен стандард на физичко и ментално здравје смета дека потребна е промена во казнената политика која треба да се базира на човекови права, а не санкционирање на употребата на дроги. Светската здравствена организација во 2014 препорача на земјите да ги ревидираат законите и да ја декриминализираат употребата на дрога. Измените одат во спротивен правец на меѓународните стандарди и заговараат воведување на построга казнена политика и затворска казна за поседување на канабис за лична употреба.

**Амандман 7**

**Член ???**

Во членот 92 став 1 во точките 11, 12, 13, 15 по зборот афион се додава зборот "коноп".

**Амандман 8**

**Член ???**

Во членот 93 став 1 во точките 1, 3 и 4 по зборот афион се додава зборот "коноп".

**Образложение**

Амандманите 7 и 8, а во врска со амандманот 6, се во насока на дополнување на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции во делот на прекршочните одредби кои ќе важат и за одгледувачите на коноп. Нема законско образложение зошто за непочитување на одредбите на законот во делот за одгледување на коноп треба да бидат изречени казнени одредби со високи казни затвор, додека одгледувачите на афион во случај на повреда на одредбите, одговараат прекршочно. Поради ова, предлагаме целосно укинување на казнените одредби од предлог занокот и дополнување на постоечките прекршочни одредби во Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции. Сметаме дека прекршочните санкции се доволни да ја исполнат целта на казнувањето на правните лица и вработените во правните лица доколку постапуваат спротивно на одредбите на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции.